СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 03-10-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

0302-083-1/18
Скопје, 03.9.2018

До: **Влада на Република Македонија**
**Бул. Илинден бр. 2**
**1000 Скопје, Република Македонија**
За: **г. Зоран Заев, Претседател на Влада на Република Македонија**

**Предмет: УРГЕНЦИЈА Спорен предлог нов Закон за вршење на сметководствени работи**

Почитуван г. Заев,

Би сакале да Ви се заблагодариме за досегашната соработка која ја оствaруваме и која се надеваме дека успешно ќе ја спроведуваме и во иднина.

Имено, Ви се обраќаме со Ургенција во врска со претходно доставениот допис до Вас на 26.09.2018 година, а врзано за последните случувања за обидот за носење нетранспарентно предлог нов Закон за вршење на сметководствени работи, објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи на РМ (ЕНЕР) на 20.09.2018 година, за кој пристигнаа стотици критики и прашања за правната сигурност во државата кога постојат обиди да се носат закони без да се консултираат релевантните засегнати страни и да се спроведуваат измени кои се во спротивност со европската и глобалната регулатива.

Искажуваме негативни реакции од нашите членови на вчерашното известување од Министерство за финансии за организирање на стручни консултации за новиот предлог закон кои ќе се одржат на 05.10.2018 година (петок) во насока на тоа дека истите се организираат на помалку од 10 дена пред надлежното министерство да го поднесе предлог закон во понатамошна фаза за усвојување. Наведеното воопшто не претставува укажување на транспарентност и вклучување на сите засегнати страни, напротив покажува несериозност кон особено важен закон кој регулира работење на голем број субјекти, кое пак директно се однесува на финансиското работење на целото стопанство.

Ве известуваме дека како институции во Република Македонија кои ја застапуваат бизнис заедницата застануваме силно против наведеното, особено сега бидејќи наместо почеток на конструктивен дијалог се искористуваат засегнатите страни за само во јавноста да се прикаже дека се одржани консултации, за кои јавно е објавено на ЕНЕР дека нема да се спроведе јавна дебата. Наведеното е во целост спротивно на европската пракса, сите меѓународни правила и хармонизацијата кон легислативата кон која целиме.

Ве молиме како Претседател на Владата на РМ, а врз основа на Вашите овластувања, да го запрете процесот на донесува на овој закон иовозможите процес на реален дијалог кој ќе обезбеди најдобро, најквалитетно и ненаметнато решение.

За сите дополнителни информации, Ве молиме Вашите стручни служби да нѐ контактираат на тел: 02 30 91 440 или на е-маил: info@chamber.mk.

Со почит,

Александар Зарков, Извршен директор
Сојуз на стопански комори на Македонија

*Подготвил:*
*Одобрил:*